РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-255/8
20.12.2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11 и 17/11), Одборот за акредитација и евалуација на 13. седница одржана на 30.10.2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на Елаборатот за организирање на втор циклус академски студии по Правни науки, меѓународни односи и дипломатија на Факултетот за Правни науки, меѓународни односи и дипломатија при МИТ Универзитет Скопје**

1. Се акредитира студиската програма по **Правни науки, меѓународни односи и дипломатија на Факултетот за Правни науки, меѓународни односи и дипломатија при МИТ Универзитет Скопје,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за вториот циклус академски студии по **Правни науки, меѓународни односи и дипломатија** , во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на вториот циклус, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање: **Магистер по правни науки, Магистер по јавна администрација, Магистер по казнено право, Магистер по меѓународно право и меѓународни односи и дипломатија,** научно-истражувачко подрачје: 5 општествени науки, научно истражувачко поле: 508, 509, Правни науки, Јавна управа и администрација , Научна област: 50804,50806,50807, 50811, 50815,50817,50818, 50900 до 50855.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија при МИТ Универзитет Скопје, по претходно донесента одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на студиската програма од областа на Правните науки, како и одлуката за усвојување на студиска програма од Ректорската управа, достави елаборат до Одборот за акредитација бр.12-255/1 од 21.06.2012 година.

Одборот за акредитација на својата 11 седница одржана на 21.06.2012 година формира експертска комисија и на 12. седница одржана на 12.09.2012 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Одборот за акредитација и евалуација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Михаил Петковски**